НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и член 23 став 2 од Законот за девизното работење („Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11, 188/13, 97/15, 153/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# О Д Л У К А
## за изменување на Одлуката за начинот и условите под кои резидентите коишто не се овластени банки, можат да отвораат и да имаат сметки во странство
## („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 177/21)

1. Во Одлуката за начинот и условите под кои резидентите коишто не се овластени банки, можат да отвораат и да имаат сметки во странство („Службен весник на Република Македонија" бр. 42/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 50/19, 181/19, 167/20, 308/20 и 88/21), во точката 4 ставот 1 се менува и гласи:

„Резидентите, правни и физички лица, можат слободно да отвораат и да имаат сметки кај платежни институции или институции за електронски пари во странство само заради комерцијални цели, односно за купување/продавање стоки и услуги по електронски пат. Трансферите на средства кон сметки кај платежни институции или институции за електронски пари во странство врз основа на купување стоки и услуги по електронски пат не смее да надминат 2.500 евра по лице на месечна основа."

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**О бр. 02-15/XI-4/2021**
**29 јули 2021 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**